# Ацо Гогов

# ПЕТ РАСКАЗИ

## НЕКРОЛОГ

Еден ден го примив сопствениот некролог. Го оставил поштарот пред вратата заедно со сметките за струја и вода. Јасно се читаа моето име и презиме. Па дури и годината на раѓање беше точна. Отпрвин помислив дека е некоја шега од познато или непознато лице, но минуваше време и никој не се појавуваше да потврди дека тој го смислил тоа. Да, вистински некролог со црна рамка врз бела позадина. Но тоа и не беше најчудното, самото добивање на некрологот. Почудно беше тоа што тој – освен моето име! – беше испишан со толку ситни букви, одвај видливи за око, што мораше да се чита преку зголемувачко стакло.

Тоа беше вистинско чудо. Се собираше навечер целото мое племе од роднини: бебиња во пелени, пијани чичковци и кавгаџиски настроени тетки, баби кои само што не беа умреле, дојдени од некое друго време, повеќе сенки отколку живи створови.Им читав од некрологот, а тие, со растегнати усти од уво до уво, се смееја и смееја. Тоа беше некој смешен некролог, полн шеги и закачки, вешти измислици кои нè пукнуваа од смеење.

Секако поминаа неколку денови, а можеби и недели како ние, неспособни за што било друго, без престан се смеевме, па нашата куќа почна да наликува на необично место. Луѓе од целиот град се слеваа пред нашиот праг; подѕирнуваа низ вратата и прозорците; ја слушаа нашата смеа и се обидуваа да го протолкуваат тој шифриран јазик на нашата бедна живејачка. И нашите, дотогаш силни тела, почнаа да заслабнуваат, а погледите пак, сè повеќе нè изневеруваа и моравме често да се допираме, за да се распознаеме. Се запустувавме себеси на радост на соседите.

Трештеше нашата куќа од смеа; дури и птиците, уплашени, во лет ја заобиколуваа, а толпата набљудувачи од ден на ден се зголемуваше. Со голема мака ги отворав вратата и прозорците, за да влезе малку воздух, туркајќи ги наоколу безделниците кои како и самите да беа станале врати и прозорци. Една ноќ, кога веќе сакав да влезам внатре и да ја треснам вратата пред грдите муцки на љубопитниците – одеднаш по рамото ме допре нечија рака. Тоа беше некој господин во карирран костум, со расчадена пура во устата. Влезе со мене во собата и, гледајќи дека неговиот глас е премногу тивок за да биде чуен, почна силно да вика надгласувајќи ја бесната смеа. Се претстави себеси како директор на циркус и рече дека сите нас нè очекува голема слава и богатство како идни циркузанти во неговиот циркус.

- Покажете ја точката. – рече достоинствено.
- Точката! – извикав. – Зарем сме ние циркуска точка?
- Точката! – повторија по мене пијаните чичковци.
- Точката! – се вознемирија кавгаџиски настроените тетки.
- Точката! – вреснаа бабите во еден глас.
- Точката! – загукаа бебињата во пелените.

Карираниот господин воопшто не се вознемири од нашето негодување, туку запали нова пура и тивко, сосема тивко повтори:

- Да, точката.

Би го истуркал неранимајкото веднаш надвор, можеби би му удрил и две-три клоци, но во очите на насобраните роднини видов разгорени огнови. И тие огнови – така ми се

чинеше – не останувaa таму, туку се ширеа по нивните коси, вратови, рамиња; ги зафаќаа целите. Да, тие се беа полакомиле по парите кои ги ветуваше карираниот циркузант.

- Нема точка! – извикав. – Нема никаква точка!

- Не мора да ја покажете целата. – одговори циркузантот. – Можете да покажете и само еден дел од неа. Ама нека биде тој дел  малку поголем.

- Бегај! – извикав бесно.

Почнав со сета сила да го буткам надвор кон вратата, но – о чудо! – стотици раце одзади ме влечеа, ме тегнеа, ме штипеа, ми го одземаа здивот. Мутавите роднини веќе не се смееја, туку ме задржуваа мене да не го избркам измамникот. Ме гушеше тоа мноштво на раце, лактови, прсти, развикани челусти и јас паднав во бессознание. Кога се разбудив следното утро, видов како околу мене се надигнуваат и се спуштаат мноштво стомаци и грбови како потсмирени морски бранови по бура: кутрите роднини спиеја. Циркузантот го немаше. Веројатно уплашен од тоа подивено мнозинство, и самиот побрзал да се дофати до вратата и да замине.

Застанав на прсти и, внимавајќи да не разбудам некого, го стуткав некрологот во џебот и зачекорив надвор по правата и долга улица, на угорнина, кон најблиската полициска станица. Ме пречека полициски службеник со глувчешко лице, со нозе истегнати врз дрвената маса пред распаѓање.

Откако му спомнав за чудното добивање на некрологот, тој го прифати телефонот и почна да зборува со некого – час гласно викајќи, час мрморејќи безгласно.

- Оди си дома, несреќнику! Тоа било некој експеримент од Институтот за ......... истражувања. И не ми доаѓај вака за глупости! Збогум!

Тргнав по удолнината, кон својот дом. Можев да чујам од далеку: во нашата куќа вриеше како во кошница!

## БРАТ

Секогаш е таму. Можам да ја видам неговата поднаведната фигура низ прозорецот. Постојано во истата соба на втори кат, наведнат над книгите и хартиите. Залудно е однадвор да му се довикува затоа што тој или не слуша, или се прави како да не слуша. И расфрлам пченка на живината во дворот, а таа, прегладнета, се нафрла врз зрната и ги колва кревајќи притоа врева која мојот брат, стуткан онаму горе, воопшто не ја слуша. Можам да видам дека некои кокошки накривуваат на едната нога – којзнае зошто? Можеби од меѓусебните пресметки ноќе во кокошарникот. Можеби од фрлените камења од минувачи. Чуден е нивниот глас додека ги спотерувам кон кокошарникот: метално цвокотење кое изгледа толку безначајно, бесчувствено, обичен чкрипот кој, повторно, мојот брат не може да го чуе, или не сака да го чуе. Не сум воопшто сигурен дали од прозорецот може да ги види и крупните тела на биволите кои, како грда но достоинствена стража, стојат под неговиот прозорец и гледаат кон него.

Долго време тој ги превртува страниците на книгите горе, во неговото дувло, и ниту јас ниту кој било друг не може да знае што тој прави всушност. Скиташе низ големите градови долги години, секогаш со торба полна со книги, а често и одел низ тие непознати места, како што кажуваат очевидци, со книга во рацете, читајќи. Тој е сега тука. Понекогаш слегува долу, во приземјето, и со нас го дроби и го јаде сувиот леб на сиромаштијата. Неговиот говор е толку неповрзан што јас дури по извесно време можам да ги составам тие парчиња немушти зборови и, од чиста љубов, да им дадам некоја смисла која јас ја разбирам, но не и другите.

Веднаш потоа бргу се качува горе, во своето живеалиште и ги разотвора книгите пред себе како страни на светот. Често, додека го косам плевелот низ дворот, помислувам дека тој, всушност, бара некоја огромна, џиновска банкнота скриена во некоја од страниците на тие купишта книги. Некое големо богатство кое ќе му овозможи да го спакува сиот свој багаж и повторно да замине, со насмеано лице, поздравувајќи се со нас наведнати над браздите во нивата и гушкајќи сѐ со некоја, за нас, непозната милост.

Преку патот, на неколку метри, можам да чујам како со тракање на тркалата поминуваат коњски коли натоварени со лубеници. Нив мојот брат не може да ги види, затоа што тие се од спротивната страна на куќата, онаму каде што нема прозорец. Преку денот неговото присуство горе е толку нејасно, па јас често помислувам, напрегајќи ги очите да го видам, дали е тој тука, во собата, или едноставно излегол низ некој таен, за мене непознат излез, и скита низ околните полиња барајќи го богатството на друго место.

*

*   *

*Низ воздухот се расејувам*
*За да се вратам како слово.....*

Овие испишани зборови на хартија ги најдовме покрај неговиот лакт, веќе вкочанет и мртов, еден ден кога требаше да почнеме со сеидбата. Тоа беше напишано со прекрасен ракопис.

# БРАЧЕН ПАР

Нашиот брак е постојано недоразбирање, иако не можам да речам дека не се сакаме. На свадбените фотографии изгледам толку тежок, голем, а таа толку мала, што бездруго некој може да помисли дека сме татко и ќерка. Во белата кошула изгледам смешно, толку смешно, пристегнат како вреќа, а вратоврската виси како предмет кој не по своја волја се нашол некаде каде што не му е местото, да ме направи уште посмешен.

Се сакаме на растојание; само навечер се привлекуваме еден до друг, ги вкрстуваме нашите нозе, раце и вратови и заспиваме. Наутро се будиме во најнеобични положби. Понекогаш моите нозе се обвиени околу нејзиниот врат. Понекогаш нејзините усни се прилепени на мојот лакт. Нашата љубов е бестежинска.

Наутро, уште нерасонет, ја слушам како станува и почнува да чекори низ собата. Намерно не ги отворам очите: сакам мојата вообразба точно да ја одреди нејзината положба во просторот. Верувам дека во тие мигови таа го напушта својот човечки облик и зема некој животински облик, на пример на срна. Го испитуваат тие срнечки очи секој агол во собата, ги бараат местата каде нашата љубов подигнала привремени прибежишта, свои скривалишта, за да може да трае и да не се растури.

Таа долго и длабоко може да гледа во дното од испиените филџани со кафе; да плови како по црно море. Сосетките и другите жени, го мерат секој нејзин збор, а таа гледа ѕвезди, повторно ѕвезди и понекој облак. Ја слушам и јас и се обидувам да Ѝ верувам, иако безброј пати сум се уверил дека таа претерано многу лаже. Но за разлика од другите жени, кај неа лагата е претопена во уверување дека тоа можеби е вистина која може слободно да заживее и дури да ни се обрати со човечки глас:”Еј, каде сте вие, спанковци?”

Мојата љубов кон неа е тешко одредлива и има, така ми се чини, вкус на овошје. Често ги допирам расфрланите фустани во собата и се обидувам да пронајдам присуство и облик онаму каде што, очигледно, ги нема. Нејзината појава е толку непостојана и јас само се чудам како досега, некоја вечер, таа едноставно не се преобразила во ветер кој ќе тежи на рамењата, но нема да може да се задржи.

Можеби нашиот брак и не е недоразбирање, ами низа од случајности кои се надоврзуваат една на друга и нѐ прават да бидеме секогаш на штрек, со преплетени прсти, да не се изгубиме.

## НОЌНИ РАЗГОВОРИ

Нашата ќерка ќе има костенлива коса и црни очи, вели таа. Тоа би било убаво. Костенливата коса е секогаш мека и тука може долго да престојува чија било дланка. Мојата. Твојата. Повторно мојата.

Не мислам дека е тоа така, вели тој, никако не мислам. Можеби црната коса би била знак за цврст карактер, за упорност која ги турка со лактите другите наоколу и оди понатаму по својот пат, кон својата цел.

Погрешно зборуваш, вели таа, погрешно. Црната коса е нешто тврдо, непопустливо, инаетчиско и речиси глупо. Нека биде костенлива. Костенлива и мека.

Ти и твојата мекост, вели тој.

Ти и твојот цврст карактер, вели таа.

Но поважно е, вели таа, поважно е прозорците кои ќе ги имаме да не бидат премногу високи. Да може уште од најрани години да погледнува надвор.

Да, тоа би биле ниски и широки прозорци, вели тој. Би доаѓала светлината тука не како природна појава, ами како верно куче. Тоа не би била обична светлина, ами понекогаш и би залајувала. Би замавнувала со опашот пред нозете на малечката.

Но зошто мора да бидат прозорците толку широки, вели таа. Тоа би ја уплашило. Тоа страшно би ја уплашило.

Ти и твојот страв, вели тој. Твојот вроден страв.

Ти и твоето куче, вели таа.

Би сакал, вели тој, би сакал првото нешто што ќе го добие да не биде некоја кукла од партали, никако. Би сакал тоа да биде кукла, но дрвена. Би ја исекол липата во дворот и од подножјето, од самото стебло би исекол едно парче и би му го однел на столаротот. Кога ќе ја допре дрвената кукла, тогаш нејзините раце ќе затреперат од радост. Со денови би ја преметнувала од едната дланка во другата. Би било убаво да се гледа како дрвената цврстина ја освојува и се распоредува во неа.

Ти и твојата цврстина, вели таа, проклетата цврстина. Нека биде тоа мека, пердувеста кукла на која ќе може да ја спушти главата како на перница. Мека кукла со зашиени црни копчиња како очи. Толку би било убаво да се гледаат нејзините црни очи и да се споредуваат со оние на куклата. Колку би било тоа прекрасно.

Би истрчувала надвор малечката, вели тој, и пак би се враќала дома. Би нè наоѓала седнати на креветот. Би дотрчувала до нашите коленици и би ги фаќала како птици; оние птици кои ги бркала надвор, но не можела да ги фати.

Да, така би било. Бездруго така би било.

Колку би биле сериозни онака седнати на креветот, вели тој, додека малата би нè прегрнувала. Прво тебе. Па мене. Повторно тебе.

Да. Да.

# СНЕГ

Дојдоа некои чудни времиња и снегот не беше повеќе обичен снег. Не само преку зимските месеци, не паѓаше само тогаш, ами слободно го продолжуваше својот тежок пад и во мај и преку целото лето. Нашата куќарка, која и онака стои на слаби темели, нашиот единствен дом - сѐ повеќе е притиснат од таа бела напаст и продолжува да се збива кон земјата, да се впива во неа и да станува едно со корењата и камењата.

Јас ја поттргнувам понекогаш завесата од прозорецот и покрај мрморењето на бабичката, некоја непозната бабичка која од пред некое време некој, ноќе, наседната во инвалидска количка, ја оставил пред вратата на нашиот дом. Тоа старо суштество не поднесува нималку белина, посебно не снежната белина; негодува на сет глас кога сребреното белило, прекршено преку стаклото на прозорецот, како суров мачител, ќе Ѝ се допре до погледот:

- Зарем треба и да ослепам? Вие, ѓаволи.....

Бргу бргу се подава тешката рака на татко ми, која првин ја навлекува завесата преку прозорецот, а потоа ми удира шлаканица по лице како казна за моето поигрување со здравјето на кутрото старо суштество.

- Требаше да те оставиме во шумата, на онаа шумска чистинка на која мајка ти те роди. – налутено ми се заканува. – Таму ќе ти беше подобро.

Не ги разбирам овие прекори и не можам да разберам како некој може некому да забранува да ја поттргнува завесата на прозорецот за да му се радува на белиот хоризонт кој толку личи на перница; како, едноставно, некој може толку да го мрази снегот.

Снегот продолжува да паѓа. Сите знаеме дека голема опасност ни се заканува – да стави крај на секое наше понатамошно движење, опколени со наноси снег како со тешки години, изгубени и нечуени од остатокот на светот.

Од купатилото се слуша врескавиот глас на мајка ми, кој предупредува дека снегот почнал да навлегува оттаму, да се истура врз wc школката. Еден друг глас – оној на соседот седнат врз оџакот од неговата куќа – најавува нови и посилни врнежи од снег. И тој глас, уплашен, толку уплашен, се преобразува полека во завивање за на крајот да стане обичен плач.

Одвреме навреме еден мајмун, закачен со опашката на олукот, тенколик, со главата свртен надолу, подѕирнува низ прозорецот. Веднаш потоа во неговата рака се појавува молив и тој почнува да чкрта по стаклото на прозорецот упорно, долго небаре испишува голема книга за нашите бели страдања.

Во сиот тој бел очај кој ги има зафатено душите на татко ми, мајка ми, бабичката во инвалидска количкиа, во сета таа бела неизвесност – само јас сум среќен. (Ја кријам таа среќа за да ја соопштам во некои повесели денови.)